ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 и член 46 став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр.32/20) и чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА за Предлог ДУП за Четврт Исток 2 Блок И.02.05 - Општина Битола**

Јавната Презентација за Предлог ДУП за Четврт Исток 2 Блок И.02.05 - Општина Битола ќе се одржи на ден 19.04.2022 г. (вторник) во 11.00 часот во салата на Советот на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Границата на ДУП за Четврт Исток 2 Блок И.02.05 - Општина Битола е дефинирана согласно графичкиот прилог и има површина од 8,22 ха.

Описно границата на планскиот опфат се движи: на запад по осовина на улица Прва (крак од улица Димитар Робев), на север продолжува по осовина на улица Димитар Робев до пресек со КП Бр. 1381/4, продолжува по јужна граница на КП Бр. 1381/4 до пресекот со КП Бр. 1374 се движи по северна и источна граница на КП Бр. 1374 до пресек со јужна граница на КП Бр. 1381/3 продолжува по јужна граница на КП 1381/3 до пресекот со КП 1382/1 на исток по западна граница на КП Бр. 1382/1 до пресекот со осовина на ул. Новачки пат, на југ по осовина на Новачки пат до почетна точка на ул. Прва (крак од улица Димитар Робев)

Графичкиот прилог од ДУП за Четврт Исток 2 Блок И.02.05 - Општина Битола, ќе биде изложен во информацискиот систем за е-урбанизам, на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 19.04.2022 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета.

**Јавната анкета за ДУП за Четврт Исток 2 Блок И.02.05 - Општина Битола, ќе трае 5 работни денови почнувајќи од 19.04.2022 год. заклучно со 27.04.2022 год.**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од шалтерите на Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

08-347/3
13.04.2022 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Тони Коњановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

